**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА**

**Број 1403-434/7**
**Скопје, 10.08.2006 година**

**ДО**

**ГРАДОНАЧАЛНИКОТ НА ЕДИНИЦАТА**
**НА ЛОКАЛНА САМОУПРАВА ВИНИЦА**

## КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

1. Предмет на овој Конечен извештај е извршената ревизија на финансиските извештаи на Буџетот на општина Виница за 2005 година, кои се прикажани на страните од 5 до 6.

2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е извршена согласно член 38 од Законот за финансирање на Единиците на лакалната самоуправа , член 2 став 1 и 2 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 9 од Законот за државна ревизија.

3. Не е вршена ревизија, ниту сме издале било каков извештај, за финансиските извештаи на Буџетот на општина Виница за годината која и претходи на годината која е предмет на оваа ревизија.

4. Финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај се одговорност на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, застапувано од:

- Горан Ангелов, градоначалник на општина Виница до 29.03.2005 година.
- Марјан Костадинов, градоначалник на општина Виница од 30.03.2005 до 31.12.2005 година.

5. Одговорност на ревизорите е да го издадат овој извештај, прикажан на страните 1 до 4 и да дадат мислење за финансиските извештаи од точка 1, засновано на извршената ревизија.

6. Ревизијата од точка 1 на овој извештај е извршена во периодот од 25.05. до 30.05.2006 година, од страна на тим на Државниот завод за ревизија.

7. Цел на ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е да овозможи ревизорот да изрази мислење:

- дали финансиските извештаи вистинито и објективно ја искажуваат финансиската положба и резултатот на финансиските активности во согласност со применетата законска регулатива;
- дали е остварено законско и наменско користење на средствата кои претставуваат државни расходи.

*Ул:"Маршал Тито"бр.12/3*
*Палата Македонија-Скопје;*
*тел: 3211-262; факс: 3126-311*

***Овластен државен ревизор***
______________________

8. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани на годишната сметка составена според важечките прописи во Република Македонија со извршени рекласификации поради добивање на појасна слика.

9. Ревизијата е извршена во согласност со стандардите за државна ревизија на Меѓународната организација на Врховни ревизорски институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија при вршењето на државната ревизија. Овие стандарди бараат ревизијата да се планира и подготви, со цел да се добие разумно уверување дека финансиските извештаи се ослободени од значајни погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува испитувања на докази, проценување на користени сметководствени принципи, како и на важни проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, давање општа оценка за презентацијата на финансиските извештаи и давање оценка за конкретни финансиски трансакции. Веруваме дека извршената ревизија ни обезбедува разумна основа за изразеното мислење.

10. Со ревизијата на финансиските извештаи за 2005 година, ревизорите на Државниот завод за ревизија го утврдија следното:

**10.1. Неправилна примена на акти**

10.1.1. Наплатата на комуналната такса за користење на просторот пред деловни простории за вршење на дејност се врши без издавање на решение во рамките на износот утврден во Тарифата на комуналните такси, поради недоволно познавање на законските прописи од страна на одговорните лица. Ова е спротивно на член 9 од Законот за комунални такси. Поради ваквиот начин на работа се остава можност на обврзниците да не поднесат барање за плаќање на комуналната такса за користење на просторот пред деловни простории за вршење на дејност, што пак може да предизвика одложено плаќање или неплаќање на комуналната такса, а со тоа и до намалени приходи по овие основи.
**Препорака:**
Одговорните лица за евиденција и наплата на комуналните такси подоследно да ги следат и почитуваат законските прописи, заради остварување на поголеми приходи на општината.

10.1.2. Општина Виница во 2005 година остварила приходи во износ од 1,096 илјади денари од правни лица по основ на рента за користење на градежно земјиште, којашто согласно измените во Законот за градежно земјиште (Сл. весник на РМ бр 53/2001), не е законска категорија, со што правните лица немаат законски основ за плаќање на овој надомест. Ова придонесува за остварување на приходи без законски основ, а со тоа и до нереални финансиски резултати.
**Препорака:**
Да се прекине праксата за пресметување и наплата на градска рента која согласно позитивната законска регулатива не е приход на општината.

10.1.3. Со состојба на ден 31.12.2005 година Општина Виница има побарувања за надомест за уредување на градежно земјиште во износ 2,074 илјади денари, поради овозможени плаќања на рати што не е предвидено со Програмата за уредување на градежно земјиште и улици и кои не се обезбедени со инструменти за обезбедување на плаќањата. Овие побарувања потекнуваат во период од 1999 до 2005 година, а општината нема превземено мерки за наплата на овие побарувања, ниту пак извршила отпис на законски застарените побарувања, спротивно на Законот за облигации. Ваквата пракса се спроведува со години наназад поради тоа што вработените лица во општината кои се надлежни за евидентирање и наплата на надоместокот сметаат


*Ул:"Маршал Тито"бр.12/3*
*Палата Македонија-Скопје;*
*тел: 3211-262; факс: 3126-311*

дека доволно ги познаваат обврзниците и нема потреба да се обезбедува со инструменти за обезбедување на плаќањата.
Поради ваквиот начин на работа се остава можност на обврзниците да го одлагаат плаќањето или воопшто да не извршат плаќање на остатокот од обврската за плаќање на надоместокот за уредување на градежно земјиште, ова има влијание на висината на остварените приходи по овие основи.

**Препорака:**

Надлежните служби во општината подоследно да ги следат и почитуваат законските прописи, заради остварување на поголеми приходи на општината и да превземаат мерки за наплата на побарувањата согласно позитивните законски прописи.

10.1.4. Општина Виница како закуподавач во 2001 година има склучено договор за закуп на деловен простор со Геа комјутери од Виница како закупопримач, во кој не е наведен периодот на користење на просторот кој општината го издава под закуп и со кој не е створена правна основа за наплата на евентуално заостанати и неподмирени обврски од страна на закупопримачот, како суштествени елементи на договорот, што е спротивно на Законот за облигациони односи. Со тоа не се створени механизми за заштита од евентуално непочитување на обврските од страна на закупопримачот.

**Препорака:**

Надлежните служби да превземат мерки за ревидирање на договорот или да покренат постапка за склучување на нов договор за издавање под закуп на општинскиот имот согласно важечките законски прописи.

**10.2. Неправилна примена на сметководствените политики и начела**

10.2.1. Општина Виница нема воспоставено систем на редовна внатрешна сметководствена контрола, што е спротивно на член 17 од Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници. Немање на редовна внатрешна сметководствена контрола овозможува ненаменско трошење на јавните средства и зголемени расходи.

**Препорака:**

Да се воспостави систем на редовна внатрешна сметководствена контрола со што ќе се обезбеди финансиските трансакции да се вршат согласно законските прописи, а финансиските извештаи да обезбедат целосни, вистинити и веродостојни информации за финансиските трансакции.

10.2.2. Надоместокот за уредување на градежно земјиште кој го плаќаат правните и физичките лица од општина Виница, како и закупнините од издавање под закуп на општинскиот имот, не се евидентирааат преку сметките Побарувања и Пасивни временски разграничувања во моментот на настанување на доверителниот однос со склучување на договорите за плаќање на надоместот за уредување на градежно земјиште и со издавање на фактурите за закупнини, спротивно на член 18 став 6 од Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници. Ваквата пракса се спроведува со години наназад поради што не се обезбедува реална состојба на побарувањата за комуналии и закупнини, а со тоа и можност за превземање на мерки за нивна наплата.

**Препорака:**

Надлежното одделение да ги почитува законските прописи во делот на евиденција на побарувањата по основ на надомест за уредување на градежно земјиште и закупнини од општински имот, да се превземат мерки и да се интензивираат активностите во делот на наплатата на надоместокот по основ на уредување на градежно земјиште со цел остварување на планираните приходи.


*Ул:"Маршал Тито"бр.12/3*
*Палата Македонија-Скопје;*
*тел: 3211-262; факс: 3126-311*
*Овластен државен ревизор*

**10.3. Неправилности во искажувањето на приходите/расходите**

10.3.1. Вкупните приходи и вкупните расходи се преценети во износ од 16,660 илјади денари, поради погрешна примена на Законот за сметководство на буџетите и буџетските корисници, односно непримена на принципот на парично искажување на промените. Ова е од причина што евидентираните компензации и цесии не се спроведени преку сметката на Буџетот во деловната банка која е блокирана поради извршување на судско решение од Гранит, туку истовремено се евидентирани и кај сметката на Органот. Ова доведува до нереални финансиски извештаи.
**Препорака:**
Да се почитува буџетскиот принцип на искажување на расходите, согласно Законот за сметководство на буџетите и буџетските корисници.

**10.4. Неправилности во искажувањето на позициите во Билансот на состојба**

10.4.1. Ставките Побарувања и Пасивни временски разграничувања се потценети за износ од 2,074 илјади денари за неевидентираните побарувања од физички и правни лица за надомест за уредување на градежно земјиште, кои потекнуват во период од 1999 до 2005 година, спротивно на одредбите од Правилникот за сметководство на буџетите и буџетските корисници. Со неевидентирањето на побарувањата се овозможува општината да нема реална состојба на побарувањата и да се изготвуваат нереални финансиски извештаи.
**Препорака:**
Да се воведе аналитичка евиденција на побарувањата согласно позитивните законски прописи кои ја регулираат оваа материја во моментот на настанување на истите.

11. Вкупниот ефект од наодите во точките 10.4. е потценување на билансните позиции во Билансот на состојбата за 2005 година во вкупен износ од 2.074 илјади денари.

12. Според наше мислење, поради значајноста на прашањата изнесени во точките 10.3. и 10.4., финансиските извештаи не ја прикажуваат вистинито и објективно финансиската состојба на Буџетот на општина Виница на ден 31 Декември 2005 година, резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум, во согласност со важечката законска регулатива.

13. Според наше мислење, кај Буџетот на општина Виница е остварено законско и наменско користење на средствата во финансиските трансакции кои претставуваат државни расходи, за 2005 година.

**Скопје, 07.08.2006 година** **Овластен државен ревизор**

**БУЏЕТ НА ОПШТИНА ВИНИЦА**
**БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2005 ГОДИНА**

во 000 Ден.

| Опис на позицијата | Образложение | 2005 | 2004 |
|---|---|---|---|
| **Приходи** | | | |
| Даночни приходи | 3.1. | 12,941 | 5,296 |
| Неданочни приходи | 3.2. | 833 | 1 |
| Трансфери и донации | 3.3. | 18,223 | 3,238 |
| Домашно задолжување | 3.4. | 500 | 0 |
| **Вкупно приходи** | | **32,497** | **8,535** |
| **Расходи** | | | |
| **Тековни расходи** | | | |
| Плати, наемнини и надомести | 3.5.1. | 5,263 | 3,665 |
| Резерви и недефинарани расходи | 3.5.2. | 68 | 118 |
| Стоки и услуги | 3.5.3. | 6,395 | 2,225 |
| Тековни трансфери до вонбуџетски фондови | | 0 | 62 |
| Тековни трансфери до единиците на локална самоуправа | 3.5.4. | 1,340 | 348 |
| Субвенции и трансфери | 3.5.5. | 1,013 | 904 |
| Социјални бенефиции | 3.5.6. | 221 | 26 |
| **Вкупно тековни расходи** | | **14,300** | **7,348** |
| **Капитални расходи** | 3.6. | **17,887** | **974** |
| **Вкупно капитални расходи** | | **17,887** | **974** |
| **Вкупно расходи** | | **32,187** | **8,322** |
| **Суфицит (вишок) на приходи** | | **310** | **213** |

**БУЏЕТ НА ОПШТИНА ВИНИЦА**
**БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА 31 ДЕКЕМВРИ**

во 000 Ден.

| Опис на позицијата | Образложение | 2005 | 2004 |
|---|---|---|---|
| **Актива** | | | |
| **Тековни средства** | | | |
| Парични средства | 4.1.1. | 310 | 213 |
| **Вкупно тековни средства** | | **310** | **213** |
| **Вкупна актива** | | **310** | **213** |
| **Пасива** | | | |
| **Тековни обврски** | | | |
| Пасивни временски разграничувања | 4.2.1. | 310 | 213 |
| **Вкупно краткорочни обврски** | | **310** | **213** |
| **Вкупна пасива** | | **310** | **213** |